РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

**ДКСК** **KSHPK**

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1892/8
19-06-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од непознат подносител Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 88 - та седница одржана на 16.06.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр.09-1892/1 од 30.03.2023 година, оформен по пријава од непознат подносител против лицето ------------ генерален секретар на ---------------- ---- и член на Комисија во ---------------- **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК констатира повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и по доставен записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог, постапката за порамнување не е прифатена, заради што се постапува согласно Законот за прекршоците со поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка.

За сторената повреда да се извести како орган во кој службеното лице врши јавни овластувања, Собранието на Република Северна Македонија како орган кој ја именувал за член во Комисија во ---------------- и ---------------------.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

До ДКСК доставена е пријава од непознат подносител заведена со број 09-1892/1 од 30.03.2023 година, со наводи дека лицето ------------- извршува истовремено две функции и тоа генерален секретар на -------------------- и член на Комисија во --------------- ---------.

Постапувајќи по пријавата, ДКСК врз основа на увид во доставената Изјава на интереси број 09-2394/1 од 31.01.2022 година од ------------, констатира дека е назначена за генерален секретар на ---------------------- со акт број 04-860/1 од 30.12.2021 година.

Исто така, именуваната е член на Комисија --------------------- од 29.07.2021 година. Од страна на ДКСК обезбеден е доказ-Одлука за именување членови на Комисијата-------- -------- број 08-3628/1 од 29.07.20--- објавена во „Службен весник на РСМ„ бр.--------------.

Согласно член 6 од Законот за ------------------ („Службен весник на РМ„ бр.39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, и 21/2018 и „Службен весник на РСМ„ бр.98/2019, 153/2019 и 92/2021), Агенцијата за ------------ има статус на правно лице, а Собранието на Република Северна Македонија ги има основачките права во поглед на имотот и средствата за работа на Агенцијата. Од ова се констатира дека Агенцијата е правно лице кое располага со државен капитал, а органи се комисија и директор. Комисијата се состои од пет члена кои ги именува и разрешува Собранието на РСМ со мандат од пет години на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РСМ, а надлежноста на управување е уредена со член 19 од истиот закон.

Согласно член 35 од Законот за ------------- („Службен весник на РСМ„ бр.--/2019) директорот на Агенцијата го назначува и разрешува генералниот секретар согласно со Законот за административни службеници.

Секретарот, согласно член 11 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија„ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.275/2019, 14/2020 и 99/2022) раководи со административните службеници, дава упатства на раководните и другите службеници и вработени во институцијата, особено во контекст на управувањето со човечките ресурси, како и решава за правата, обврските и одговорностите на административните службеници на начин и во постапки утврдени со овој закон.

Понатаму, согласно член 23 став 7 од Законот за административни службеници, секретарот од редот на административните службеници од категоријата Б, односно од редот на раководните вработени го назначува раководното лице на институцијата и истиот треба да ги исполнува посебните услови за работното место за нивото Б4 на раководни административни службеници. Согласно член 23 став 9 од истиот Закон, мандатот на секретарот завршува со мандатот на функционерот кој го назначил. Согласно наведеното, како и имајќи го предвид начинот на кој се назначува, се констатира дека ------- има статус на именувано лице. Во прилог на ваквото стојалиште, ДКСК ги зема предвид и одредбите со кои се уредува оценувањето на административните службеници.Така, во член 65 став (1) од Законот за административни службеници е пропишано дека административните службеници, освен секретарот и кабинетските службеници, задолжително се оценуваат еднаш годишно и тоа најдоцна до 1 декември за тековната година, што е дополнителен аргумент зошто секретарите не се изедначуваат со останатите вработени.

Заради наведеното, ДКСК констатира дека наведената состојба е спротивна на член 44 став 4 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси :
„Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал„

Согласно 46 став (2) од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) составен е Записник за констатиран прекршок и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог.

Истовремено, ДКСК до именуваната достави известување со кое укажа дека е потребно во рок од 15 дена од денот на приемот на ова известување да ја отстрани констатираната состојба, со тоа што ќе се откаже од извршување на една од функциите член на Комисија ------------ или генерален секретар на Агенција за --------------.

На ден 04.05.2023 и 12.05.2023 година именуваната до ДКСК достави поднесоци со забелешки на утврдената фактичка состојба во записникот и изрази несогласување со констатираната повреда на законските одредби. Исто така, во службените простории на ДКСК беше остварен разговор со ------------ со цел да и се даде можност и дополнително да се произнесе.

По издадениот прекршочен платен налог не е постапено, со што не е прифатена постапката за порамнување и се постапува согласно Законот за прекршоците.

ДКСК на седницата одржана на ден 16.06.2023 година, откако ги разгледа и зема предвид сите горенаведени околности и факти, одлучи како во диспозитивот.

За утврдената повреда согласно член 24 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ќе се извести органот каде службеното лице врши јавни овластувања и Собранието на Република Северна Македонија, како орган кој ја именувал за член на Комисијата во [illegible].Исто така, се одлучи да се извести [illegible].

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: Д.Д - советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: Н.Б. - член на ДКСК